# Јавен надзор над јавните набавки:

# Студии на случај

Издание бр.2

01 За 5 години, граѓаните платиле 73 милиони евра за лични документи врз основа на тендер стар 21 година и договори кои се „доверливи“




02 Летовите за евакуација на граѓаните од Блискиот Исток во вредност од 1 милион евра, плаќани однапред, над законскиот лимит



03 Училишниот базен во Чаир вреден 890 илјади евра – 6 месеци беше завршен само на хартија




Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

Електронско издание:

Јавен надзор над јавните набавки:

# Студии на случај

Издание бр. 2

Издавач:
**Центар за граѓански комуникации**

Уредник:
**Герман Филков**

Автори:
**Сабина Факиќ и Герман Филков**

Истражувачки тим:
**Павлинка Стрезоска и Марко Митевски**

Носител на авторското право:
**Центар за граѓански комуникации**

Лектура:
**Татјана Б. Ефтимоска**

Превод од македонски на албански јазик:
**Агон Исмаили**

Превод од македонски на англиски јазик:
**Магдалена Симионска**

Дизајн: **Релатив**

Издадено: **Скопје, јуни 2026 година**

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

35.073.53:005.584.1(497.7)(047)

ФАКИЌ, Сабина
Јавен надзор над јавните набавки [Електронски извор] : студии на случај : издание бр. 2 / [автори Сабина Факиќ и Герман Филков ; истражувачки тим Павлинка Стрезоска и Марко Митевски ; превод од македонски на албански јазик Агон Исмаили ; превод од македонски на англиски јазик Магдалена Симионска]. - Текст во ПДФ формат, содржи 27, 27, 27 стр., илустр. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2026

Начин на пристапување (URL):
https://www.ccc.org.mk/wp-content/uploads/2026/06/javen-nadzor-nad-javnite-nabavki_studii-na-sluchaj_izdanie-br.-2.pdf.
- Фусноти кон текстот. - Текст на мак, алб. и англ. јазик. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 17.06.2026 год. - Содржи и: Mbikëqyrja publike mbi prokurimet publike : studime të rasteve : botimi nr. 2 ; Public oversight of public procurement : case studies : issue no. 2

ISBN 978-608-4974-56-7

1. Филков, Герман [автор]
а) Јавни набавки -- Мониторинг -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 6894618

# Содржина


Вовед....................................................................4

За 5 години, граѓаните платиле 73 милиони евра за лични документи врз основа на тендер стар 21 година и договори кои се „доверливи“....................................5

- Тендер за изработка на лични документи не е спроведен од 2005 година..........................................................7
- МВР ги класифицира како „доверливи“ договорите за набавката на обрасците за личните документи за македонските граѓани..........................................................................8
- Раст на трошоците за добиените обрасци и за одржување на системот..............................................................10

Летовите за евакуација на граѓаните од Блискиот Исток во вредност од 1 милион евра, плаќани однапред, над законскиот лимит......................12

- Оневозможена конкуренција............................................................14
- Авансно плаќање на летовите не било предвидено во тендерската документација, а не е во согласност ниту со Законот за јавни набавки.....................................................18

Училишниот базен во Чаир вреден 890 илјади евра – 6 месеци беше завршен само на хартија ...................21

- Известувањето за реализиран договор не ја одразува реалноста....................................................................22
- Хронологија на тендерот за изградба на училиштен затворен базен..........................................................27

# Вовед

Корупцијата во јавните набавки во Северна Македонија продолжува да претставува сериозен системски проблем што директно го поткопува владеењето на правото, ја намалува довербата на граѓаните во институциите и доведува до нерационално трошење на јавните средства и до нивна злоупотреба. И покрај бројните декларативни заложби за борба против корупцијата, институционалната пракса сѐ уште не покажува доволно системски и континуиран напредок во откривањето, процесирањето и санкционирањето на коруптивните практики, особено во областа на јавните набавки, која останува најранлива област според националните антикорупциски анализи.

Во текот на последните неколку години, наместо конзистентно зајакнување на контролните и на превентивните механизми, се забележуваат процеси кои дополнително ги намалуваат можностите за ефикасен надзор и за санкционирање на злоупотребите во јавните набавки. Недоволната примена на постојните законски механизми создава средина во која корупцијата може да опстојува и да се шири. Особена загриженост претставува фактот што, и покрај постоењето повеќе надлежни органи за спречување и санкционирање на корупцијата, практиката покажува дека реакциите често се бавни, селективни или недоволно ефективни за да обезбедат вистинско санкционирање на прекршувањата и ефективна превенција на идни злоупотреби. Важноста на ова прашање произлегува оттаму што јавните набавки претставуваат значителен дел од државниот буџет и се користат во сите сектори од јавната потрошувачка, од здравството и образованието до инфраструктурата и енергетиката.

Во рамките на проектот „Јавен надзор над јавните набавки“ се анализираат конкретни случаи на потенцијално незаконски спроведени тендерски постапки во коишто грижата за јавните пари не била примарна. Овие случаи се издвојуваат преку анализа на наодите од црвените знаменца кои ги применува Бирото за јавни набавки, преку истражувања кои почиваат на јавно достапните информации, како и преку консултации со граѓаните. Јавното презентирање на овие случаи има за цел не само да ја информира јавноста, туку и да создаде зголемен притисок врз институциите за преземање соодветни чекори во насока на санкционирање на незаконски спроведените тендери, како и доследно применување на законските одредби и воспоставување повисоки стандарди на транспарентност, отчетност и одговорност.

Низ конкретните тендерски случаи што ќе се објавуваат во јавноста и ќе се доставуваат до надлежните институции треба да се придонесе кон надминување на постојаните слабости во институционалната реакција, недоволната проактивност во откривањето на злоупотребите и ограничената ефикасност во спроведувањето на законските процедури во јавните набавки. На тој начин ќе се придонесе кон зајакнување на улогата на граѓанското општество, односно кон тоа медиумите и граѓаните да вршат активен надзор врз трошењето на јавните средства, со цел да се намалат можностите за политичко влијание, злоупотребата на службената положба и коруптивните практики во јавниот сектор.

За 5 години, граѓаните платиле 73 милиони евра за лични документи врз основа на тендер стар 21 година и договори кои се „доверливи“



- Изработката на пасоши, лични карти и возачки дозволи во последните пет години го чинело МВР 29 милиони евра, а за добивање на овие документи граѓаните платиле 73 милиони, односно 44 милиони евра повеќе.

- Најголем дел од 73-те милиони евра што ги платиле граѓаните е за добивање пасош, дури 60 милиони евра за 5 години.

- Документите ги изработува германска фирма која победи на тендер пред 21 година. МВР не открива кога и под кои услови е продолжуван првичниот договор сè до денес.

- МВР не ги открива ниту важечките договори за изработка на личните документи со образложение дека се класифицирани како „доверливи“.

- Министерството смета дека изнесувањето на податоците од склучените договори ќе имало последици врз нивното работење, без да наведе за какви последици станува збор.

- Како „доверливи“ се заштитени од објавување дури и бројот на лични документи (пасоши, лични карти и возачки дозволи) кои се изготвени во изминатите години. МВР ги открива само вкупните финансиски податоци.

- Со ваквата тајност на целиот договор и неговите анекси, се ограничува увидот на јавноста во финансиските и договорните аспекти на оваа набавка.

- Нејасно е врз основа на кој закон е спроведена оваа набавка, која е исклучена од редовните конкурентски постапки за набавка. Оттука, јавноста не може да провери дали исклучувањето од редовните правила било законски оправдано, неопходно и пропорционално.

- Со тајноста на бројот на набавени обрасци за документи се ограничува јавната контрола врз трошењето на буџетски средства. Ако не се знае колку обрасци се набавени, не може да се процени ниту дали цената е разумна и дали договорот е економски оправдан.

- Во последните пет години, МВР му платил на добавувачот 29 милиони евра, што е повеќе од сумата што ја платил за првите 11 години од договорот. Ова го отвора прашањето дали се зголемувале цените на обрасците и техничката поддршка од фирмата добавувач или нивните количини.

- Единствено јавно достапни се договорите за техничката поддршка на електронскиот систем за лични документи, склучени во согласност со Законот за јавни набавки преку постапката со преговарање без објавување оглас со фирмата Veridos GmbH.

- Во периодот 2018–2020 година, МВР спровело пет неуспешни тендери за „консултантски услуги за изготвување на проектна документација која ќе се користи при извршување на набавка на услуги за изработка на биометриски документи“. Сите пет биле поништени поради отсуство на прифатливи понуди.

- Наместо да спроведе нова постапка за јавна набавка, МВР тековно преку физибилити-студија ги испитува можностите за тоа целокупниот процес, од производство до издавање лични документи, да се врши на територијата на државата.

## Тендер за изработка на лични документи не е спроведен од 2005 година

Законот за јавните набавки на Република Северна Македонија, што е усогласен со директивите на Европската Унија, упатува на високо ниво на отчетност и транспарентност во јавните набавки, но македонските граѓани со години не знаат врз основа на кои и какви договори и под кои услови се набавуваат обрасците за личните документи (пасоши, лични карти и возачки дозволи). Уште во далечната 2005 година, тендерот беше доделен на германската компанија „Гисеке и Девриент“ (Giesecke+Devrient).

Според соопштението на самата компанија објавено на 30 ноември 2005 година, договорот бил склучен на период од 11 години: „Владата на Република Македонија ѝ додели на меѓународната технолошка група „Гисеке и Девриент“ (G&D) договор за обезбедување на земјата со електронски пасоши, лични карти и возачки дозволи, како и соодветен, комбиниран систем за персонализација на документите. Работата на проектот е предвидена да започне оваа година, а самиот проект се очекува да трае вкупно 11 години. Првите електронски пасоши и лични карти треба да им бидат издадени на граѓаните на Република Македонија веќе во 2006 година. Нарачката опфаќа испорака на 1,5 милиони пасошки документи со интегрирани микрочипови, 1,8 милиони лични карти и 500.000 возачки дозволи. Покрај документите, G&D ќе снабдува опрема за централизирана персонализација и децентрализирано собирање податоци, како и централизирано складирање и подготовка на податоци. Меѓународниот производител на паметни картички, исто така, ќе се грижи за системската интеграција и одржување преку договор за одржување[1].“

Според истото соопштение, вредноста на целокупниот договор за 11 години изнесува 23,5 милиони евра[2].

Според ова произлегува дека првично склучениот договор за испорака на обрасци за личните документи истекол во 2016 година. Оттогаш наваму, МВР не ги објавило јавно условите под кои договорите биле продолжувани по престанокот на нивната важност.

Наместо да спроведе нов тендер по престанокот на важност на првичните договори, во периодот 2018 – 2020 година МВР објавило огласи за вкупно пет постапки со предмет „Консултантски услуги за изготвување на проектна документација која ќе се користи при извршување на набавка на услуги за изработка на биометриски документи“. Сите пет постапки биле поништени со образложение дека не била доставена ниту една прифатлива понуда. По поништувањето, МВР не објавило нова постапка за набавка на обрасци за лични документи, туку продолжило да работи со истиот добавувач без јавен оглас и без примена на конкурентна постапка.

1 https://www.securetechalliance.org/new-ids-for-macedonia/
2 https://www.securetechalliance.org/electronic-passport-production-kicks-off-in-macedonia/#

На јавноста ѝ се достапни само договорите за техничка поддршка и одржување на единствениот електронски систем за лични документи кои се склучуваат со фирмата Veridos GmbH, основана од Giesecke+Devrient. Договорите се склучувани преку постапката преговарање без претходно објавување оглас, со времетраење од 36 месеци. На Електронскиот систем за јавни набавки се објавени склучените договори во 2021 и во 2024 година.

Во меѓувреме нема најава за нов тендер за изработка на лични документи. Во април 2025 година, Министерството склучило договор со Друштвото за консалтинг „Таргет Комуникации" Скопје, за испитување на можностите целокупниот процес од производство до издавање на лични документи да се врши на територијата на државата.

## МВР ги класифицира како „доверливи" договорите за набавката на обрасците за личните документи за македонските граѓани

Центарот за граѓански комуникации, на 6.4.2026 година, достави барање до МВР за сите релевантни податоци во однос на набавката на изработка на лични документи. Но, клучните 3 барања МВР ги прогласи за класифицирани информации со соодветен степен на класификација. Станува збор за следните информации:

1. **Сите договори (основни и анекси) што Министерството за внатрешни работи ги има склучено со економскиот оператор Giesecke+Devrient за набавка на обрасци за лични документи (пасоши, лични карти и возачки дозволи);**
2. **Врз основа на кој Закон се склучени договорите со економскиот оператор Giesecke+Devrient за набавка на обрасци за лични документи (пасоши, лични карти и возачки дозволи)?**
3. **Бројот на обрасци за лични документи (пасоши, лични карти и возачки дозволи) кои се набавени во периодот 2021 – 2025 година, со податоци за секој од трите одделни видови на лични документи, на ниво на години.**

Во одговорот од МВР се вели дека: „Дел од бараната информација е информација која врз основа на Закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација. Прашањата под реден број 1, 2 и 3 се класифицирани се степен на класификација „доверливо"." Министерството воедно информира дека е спроведен и задолжителниот „тест на штетност" утврдувајќи дека со давањето на дел од бараните информации ќе има последици врз работењето на Министерството.

Сепак, според Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, доколку одреден документ или негов дел содржи доверливи информации, тие информации треба да се издвојат од документот и на барателот да му се достави содржината на останатиот дел од документот.

Така, доколку склучените договори содржат технички спецификации, безбедносни елементи, заштитни карактеристики на обрасците, начини на персонализација или други чувствителни детали поврзани со безбедноста на личните документи, тие конкретни делови може да бидат заштитени. Меѓутоа тоа не значи дека целиот договор, вклучително и основните податоци за предметот на набавката, вредноста, времетраењето, договорните страни, анексите, начинот на склучување и обврските на договорниот орган, треба автоматски да биде недостапен за јавноста.

Особено е важно да се нагласи дека овде не станува збор за обична административна информација, туку за набавка што директно ги засега сите граѓани. Граѓаните не само што го финансираат работењето на договорните органи преку буџетски средства, туку и директно плаќаат за издавање лични документи од сопствен џеб. Поради тоа, тие имаат легитимно право да знаат колку се плаќа за обрасците, како се склучени договорите, по кој правен основ е избран економскиот оператор и дали набавката е спроведена на начин што обезбедува рационално трошење на јавните пари.

Натаму, доколку МВР одлучило на овој начин да ја спроведува оваа набавка, тогаш е клучно да им се објасни на граѓаните кој закон и која правна одредба биле применети. Во спротивно, јавноста не може да провери дали исклучувањето од редовните правила било законски оправдано, неопходно и пропорционално. Обелоденувањето на оваа информација може да се направи и без откривање на другите чувствителни детали од постапката.

Во однос на прашањето за бројот на набавени обрасци за пасоши, лични карти и возачки дозволи по години, потребно е да се направи разлика помеѓу чувствителни оперативни информации и статистички податоци. Барањето за информација се однесуваше на бројот на набавени обрасци по вид на документ и по година, а не на конкретни безбедносни карактеристики, сериски броеви, логистика, испораки, складишни локации или технички детали за производство. Поради тоа, не е јасно зошто вкупниот број на набавени обрасци би претставувал класифицирана информација, кога тој бил јавно соопштуван во 2005 година. Без овие податоци, јавноста не може да процени дали количините биле реално планирани, дали имало прекумерна или недоволна набавка и дали парите на граѓаните биле потрошени економично. Воедно, количината е клучен параметар за утврдување на цената и на финансиската оправданост на набавката.

## Раст на трошоците за добиените обрасци и за одржување на системот

Врз основа на доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер, МВР ги достави податоците за вредноста на парите за изработените лични документи што МВР му ги платило на добавувачот и што граѓаните му ги платиле на МВР за добиените документи.

Споредбата на трошоците во текот на годините покажува значително зголемување на финансискиот одлив. Договорот од 2005 година бил вреден 23,5 милиони евра за 11 години, што значи дека трошоците биле проектирани на, просечно, 2,1 милион евра годишно. Во последните 5 години МВР платило вкупно 29 милиони евра за обрасци и за одржување на системот – односно, просечно по 5,8 милиони евра годишно.

Платени износи од МВР за изработените лични документи (во евра)

| Година | За пасоши | За лични карти | За возачки дозволи | За поддршка и одржување на системот | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **2021** | 3.466.709 | 621.732 | 62.328 | 933.356 | **5.084.125** |
| **2022** | 4.611.687 | 394.470 | 344.515 | 1.231.618 | **6.582.290** |
| **2023** | 2.866.154 | 465.802 | 146.367 | 1.454.070 | **4.932.394** |
| **2024** | 6.748.837 | 670.957 | 267.773 | 1.477.000 | **9.164.567** |
| **2025** | 1.843.314 | 164.656 | 117.397 | 1.620.000 | **3.745.367** |
| **Вкупно** | **19.536.702** | **2.317.455** | **938.379** | **6.716.044** | **29.508.580** |

Покрај растот на трошоците, уште попроблематично е тоа што во периодот 2021–2025 година, додека државата платила вкупно 29 милиони евра на добавувачот, од граѓаните наплатила дури 73 милиони евра – односно 44 милиони евра повеќе.

Износи што МВР ги наплатил од граѓаните за изработени лични документи (во евра)

| Година | За пасоши | За лични карти | За возачки дозволи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2021 | 8.474.854 | 1.015.817 | 336.838 | **9.827.509** |
| 2022 | 10.710.114 | 1.206.719 | 1.413.490 | **13.330.323** |
| 2023 | 13.358.350 | 1.437.639 | 991.705 | **15.787.694** |
| 2024 | 22.241.293 | 3.005.628 | 1.950.519 | **27.197.439** |
| 2025 | 5.893.545 | 735.659 | 638.427 | **7.267.630** |
| Вкупно | **60.678.154** | **7.401.462** | **5.330.979** | **73.410.595** |

Гледано на годишно ниво, најголеми трошоци за издавање на личните документи и граѓаните и МВР имале во 2024 година. Таа година граѓаните платиле 27 милиони евра, а МВР 9 милиони евра. Најголеми разлики помеѓу трошоците на МВР и наплатените пари од граѓаните се евидентирани кај пасошите. За нив граѓаните платиле дури 60 милиони евра во последните 5 години (2021–2025), односно 82 % од вкупните трошоци што ги имале за лични документи.

Износи платени од МВР и од граѓаните за лични документи
(во милиони евра)




МВР редовно ги подмирувало своите обврски – заклучно со 31.12.2025 година, МВР нема доспеани, а неплатени фактури за доставени обрасци и за поддршка и одржување на системот за лични документи кон добавувачот.

## Летовите за евакуација на граѓаните од Блискиот Исток во вредност од 1 милион евра, плаќани однапред, над законскиот лимит



(Тендер на Министерство за надворешни работи и надворешна трговија за услуги за закуп на авион за превоз и евакуација на македонските државјани од регионот на Блискиот Исток зафатен со воени дејствија преку постапка со преговарање без претходно објавување оглас)

- Евакуациските летови од Дубаи и Ријад во март 2026 година се платени авансно, што е спротивно на Законот за јавни набавки, кој предвидува дека максималниот износ на авансот може да изнесува до 20 % од вредноста на договорот.

- Авансните плаќања не биле обезбедени со банкарска гаранција како што предвидува Законот, и не биле однапред предвидени во тендерската документација.

- За евакуациските летови се спроведени еден неуспешен и еден успешен тендер, по којшто е склучен договорот за закуп на авионите.

- Тендерите се спроведени во рамките на Законот за јавни набавки кој за итните ситуации дозволува директно контактирање на фирмите. Но, документите откриваат низа одлуки кои, земени заедно, ја оневозможиле реалната конкуренција.

- Во првата постапка, отпочната на 4 март 2026 година, понуди биле побарани од девет фирми. Барањето им е испратено по 16 часот, на нивните општи контакт-адреси, со рок за доставување понуди до 11 часот следното утро.

- Не се јасни критериумите врз основа на кои МНР ги избрало токму овие девет фирми, со оглед на тоа што ниту една од нив нема тековен договор за обезбедување авионски услуги со некоја државна институција. Освен тоа, не е јасно зошто во листата на фирми од кои биле побарани понуди не се нашле најрелевантните оператори за кризното подрачје – FlyDubai и FlyNas.

- Откако не примила ниту една понуда, МНР ја поништило постапката и истиот ден (5 март) започнало нова. Во втората постапка, барањето за доставување понуда било испратено само до една фирма – Авиалог Скопје, за која МНР тврди дека дознало дека е претставник на FlyDubai. Како доказ за поврзаноста меѓу Авиалог и FlyDubai, МНР достави картичка за ангажман во FlyDubai која му припаѓа на физичко лице – основачот на Авиалог, но која не докажува деловна или правна поврзаност меѓу двете компании.

- Фирмата доставува понуда следниот ден, на 6 март во 14 часот, по што во истиот ден следувале преговори, склучување договор, издавање фактура со датуми за првите 2 лета и плаќање на фактурата од страна на МНР.

- Провизијата која ја добила фирмата со која МНР го склучила договорот не е јавно достапен податок, бидејќи МНР отстапило од вообичаениот концепт на договори за јавна набавка на авионски карти и изнајмување авион. Во нив вообичаено се наведува агенциската провизија која се наплаќа над цената на авионската карта или изнајмениот авион.

- Почетно, МНР проценило дека евакуацијата на македонските државјани ќе чини 60 милиони денари. Единствената понуда која ја добило изнесувала 59.799.900 денари, односно пониска само за 0,33 %.

- Цената на превозот по авион изнесувала 211.000 евра по лет за изнајмениот авион од FlyDubai, модел Boeing 738-MAX, и 260.000 евра за авионот на FlyNas со модел Airbus 320, со вклучено ноќевање и автобуски превоз.

- Трошоците за евакуација кај нас целосно беа покриени од државата, а во најголем дел од земјите на Европската Унија, превезените патници партиципираа во трошоците.

- 590-те патници се превезени со 4 лета – три од Дубаи до Скопје и еден од Ријад до Приштина. Произлегува дека цената на евакуација по патник од Дубаи изнесувала 1.548 евра, а од Ријад по 1.960 евра.
- Иако договорот за јавна набавка предвидува евакуација на македонски државјани, превезени се и 42 странски државјани од соседните земји.

## Оневозможена конкуренција

Во согласност со Заклучокот на Владата од 154-та седница од 3 март 2026 година, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија е задолжено да спроведе постапка со преговарање без објавување оглас за јавна набавка на услуги за закуп на авион за превоз и евакуација на македонските државјани од регионот зафатен со воени дејствија во согласност со член 55, став 1, точка г) и член 55, став 6 од Законот за јавните набавки. Воедно, Министерството за финансии е задолжено да обезбеди финансиски средства во Буџетот на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за реализација на оваа јавна набавка.

Проценетата вредност на јавната набавка од 60 милиони денари, според информациите добиени од МНР, е утврдена врз основа на податоците од дипломатско-конзуларните претставништва на РСМ во Абу Даби и во Доха за приближниот број на македонски државјани (околу 600 лица) со потреба за евакуација од регионот на Блискиот Исток, податок објавен и во медиумите во дадениот момент пред спроведување на јавната набавка, како и за можната ограничена организација на достапни авиолетови од регионот (Дубаи и Ријад) и цените за закуп на авиони од веќе претходно спроведени летови на реализација од наведените дестинации до Европа.

Врз основа на владиниот заклучок, уште следниот ден, на 4 март 2026 година, МНР носи Одлука за јавна набавка и доставува покана за поднесување понуди за изнајмување авион до 9 економски оператори со следната содржина: *Во врска со актуелната состојба на Блискиот Исток поради што голем број на македонски државјани се затекнати во земјите кои се под напад или опасност од натамошни напади од страна на Иран, од почетокот на конфликтот досега, околу 500 македонски државјани пријавиле потреба за евакуација од регионот, односно од Израел, Обединетите Арапски Емирати, Катар, Кувајт и Бахреин, но во моментов не постојат можности за евакуација по воздушен пат. Ве покануваме најдоцна до утре, 5.3.2026 година, до 10:59 часот, да ни доставите понуда за набавка за услуги за закуп на авион за превоз и евакуација на македонските државјани од регионот на Блискиот Исток зафатен со воени дејствија, како што е наведено во тендерската документација и техничката спецификација. Понудата и Изјавата да бидат доставени скенирана заверени со архивски број, печат и потпис на одговорното лице или од негова страна овластено лице до точно утврдениот рок на маил адреси.*

Барањата за доставување покани се испратени во временскиот период од 15:57 до 17:28 часот, со барање да достават понуда следното утро до 11:00 часот. Произлегува дека фирмите требало да достават понуда за помалку од едно деноноќие.

Листа и време на испратени покани

| Дата и време на испратена покана/меил | Назив на економски оператор | Адреса на поканата |
|---|---|---|
| 4.3.2026 во 15:57 часот | Аеронаутички Регионален Центар Скопје | tamara@arcmk.com |
| 4.3.2026 во 16:00 часот | Turkish Airlines | costomer2@thy.com |
| 4.3.2026 во 16:14 часот | Croatia Airlines | contact@croatiaairlines.hr |
| 4.3.2026 во 16:20 часот | Wizz Air | info@wizzair.com |
| 4.3.2026 во 16:25 часот | ДПТУ Нова Травел-МС ДОО Струмица | novatravel.ms@gmail.com, novatravel@t.mk |
| 4.3.2026 во 16:30 часот | Аурора Турс Скопје | info@aurora.com.mk |
| 4.3.2026 во 16:33 часот | Pegasus Airlines | info@flypgs.com |
| 4.3.2026 во 16:35 часот | ТА Кондор Скопје | kondorturisticka@gmail.com |
| 4.3.2026 во 17:28 часот | ТА Папилон Скопје | papillon@papillon.com.mk |

На фирмите од кои се бараат понуди им се даваат следните инструкции и барања:

- Закуп на авион со капацитет на патници од минимум 150 лица, на релација Дубаи – Скопје (очекувана количина 3) и закуп на авион со капацитет на патници од минимум 150 лица, на релација Ријад – Скопје (очекувана количина 1).
- Набавка за услугите за закуп на авион за превоз и евакуација на македонските државјани од регионот на Блискиот Исток зафатен со воени дејствија ќе се реализира веднаш по обезбедување безбеден воздушен коридор за полетување од наведените дестинации.
- Договорниот орган ќе изврши исплата во најкраток рок по извршување на услугите и доставување фактура до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија.
- За да ја докажат својата професионалната способност, фирмите треба да дадат Изјава која треба да содржи дека понудувачот е регистриран за дејноста дека авиокомпанијата има одобрение за меѓународни летови на име на авиокомпанијата и дека се потврдува сериозноста на понудата.
- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор, да биде искажана без данок на додадена вредност во денари, кој се искажува посебно.
- Критериум за доделување на договорот за јавна набавка за целото времетраење на постапката е економски најповолна понуда. Економски најповолна понуда да се утврди врз основа на најниска цена.

МНР информира дека во дадениот рок ниту еден повикан економски оператор не доставил понуда. Притоа, од доставената документација, видлив беше само одговорот доставен од туристичката агенција „Папилон“, од каде што велат: *Ве информираме дека не сме во можност да ви доставиме понуда, според вашето барање. Ви препорачуваме да контактирате директно како министерство со авиокомпании кои може да обезбедат соодветни дозволи за слетување на ризични аеродроми*. Нема сознанија дали е оваа препорака имплементирана.

Во оваа постапка за јавна набавка, иако формално биле поканети повеќе економски оператори, изборот на понудувачите до кои е испратена поканата за доставување понуда не упатува на реално обезбедување конкуренција, имајќи предвид дека дел од поканетите субјекти немаат непосреден пазарен капацитет за предметната услуга, додека релевантни оператори со директен пазарен допир со регионот не биле поканети.

МНР на 5.3.2026 година донело одлука за поништување на постапката бидејќи не добило ниту една понуда и донело нова одлука за спроведување јавна набавка. Во оваа одлука се вели: *Имајќи во предвид дека МНРиНТ спроведе претходна постапка за јавна набавка со преговарање без објава оглас во која не беше обезбедена ниту една понуда во предвидениот рок, Комисијата за јавни набавки предложи да се отпочне нова постапка со преговарање без објавување на Оглас до изнаоѓање на прифатлива понуда. Со оглед на потешкотиите во актуелниот момент да се изнајде авиопревоз за предметната цел од предметот на јавната набавка, понуда(и) може да се обезбедат од посредничка агенција или директно од авиокомпании*.

Во Одлуката не е наведено дека понуда ќе се бара од само една фирма. Но, според добиената документација и даденото образложение, барањето за доставување понуда со истата содржина е доставено само до „Авиалог“ Скопје на 5.3.2026 година во 16:11 часот, со барање за доставување понуда до следниот ден (6.3.2026 година) до 14.00 часот и назнака дека нивен претставник треба да присуствува на отворањето на понудите заради преговарање.

Во добиениот одговор од МНР се вели: *Беше доставена покана до само еден дополнителен економски оператор (Авиалог ДООЕЛ Скопје) претставник на FLYDubai, бидејќи според податоците од македонската амбасада од Абу Даби само FLYDubai има можност да организира летови од Дубаи кон Европа, а која воедно организира летови од Ријад кон Европа.*

Како доказ за поврзаноста меѓу „Авиалог“ и FlyDubai, МНР достави картичка за ангажман во FlyDubai која му припаѓа на физичко лице – основач на „Авиалог“, но која не докажува деловна или правна поврзаност меѓу двете компании. Имено, според податоците во Регистарот на вистински сопственици, фирмата носител на договорот е 100 % во сопственост на физичко лице од Македонија. Притоа, и во самата понуда и во издадените фактури, фирмата носител на договорот не се повикува на никакво претставништво и поврзаност со FLYDubai, дотолку повеќе што за евакуациските летови се користени и услуги на авиокомпанијата FlyNas.

Понудата на фирмата „Авиалог“ го нуди тоа што го бара МНР речиси идеално вклопувајќи се во проценетата вредност од 60 милиони денари (975.610 евра). Понудата која е добиена од „Авиалог“ е пониска за само 200.000 денари (3.250 евра), односно за 0,33 %.

Слика од добиената понуда од единствениот понудувач

**Дел II - Техничка и финансиска понуда**

Ш.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги: - Набавка за услуги за закуп на авион за превоз и евакуација на македонските државјани од регионот на Блискиот Исток зафатен со воени дејствија

| Ред бр. | Опис | Вкупна цена без ДДВ за еден лет | ДДВ | Цена со ДДВ | Очекувана количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Закуп на авион со капацитет на патници од минимум 150 лица, на релација Дубаи-Скопје** | 12.954.900 МКД | 0 | 12.954.900 | 3 лета |
| 2 | **Закуп на авион со капацитет на патници од минимум 150 лица, на релација Ријад-Скопје** | 16.000.000 МКД | 0 | 16.000.000 | 1 лет |
| 3 | **Дополнително воено осигурување** | 1.233.800 | 0 | 1.233.800 | 1 лет |
| ВКУПНО БЕЗ ДДВ: | | | | | 59.799.900 МКД |
| ДДВ | | | | | 0 |
| Вкупно со ДДВ | | | | | 59.799.900 МКД |

Истиот ден кога е доставена понудата (6.3.2026 год.), МНР го склучува договорот со „Авиалог“ Скопје. Истиот ден (6.3.2026 год.) „Авиалог“ ја изготвува првата фактура за првите 2 лета Дубаи – Скопје, со наведување датуми за нивна реализација – 8 и 11 март 2026 година. Истиот ден (6.3.2026 год.) МНР ја плаќа фактурата. Вториот лет се реализирал на 10 март, но во фактурата останува првичниот датум.

Како што може да се види од сликата на понудата, цената за летовите од Дубаи до Скопје изнесувала 12.954.900 денари од лет (210.649 евра). Цената за авион на релација Ријад – Скопје, пак, изнесувала 16.000.000 денари од лет (260.163 евра). Превозот што требало да се реализира на релација Ријад – Скопје, но потоа слетал во Приштина, вклучувал и автобуски превоз од Доха, Кувајт и Бахрејн до Ријад, како и 1 ноќевање во Ријад.

За авионскиот превоз е користено и дополнително воено осигурување во вредност од 1.233.800 денари (20.062 евра) по лет.

## Авансно плаќање на летовите не било предвидено во тендерската документација, а не е во согласност ниту со Законот за јавни набавки

Авансното плаќање на летовите е превидено во склучениот договор (член 4), каде што се вели: „Плаќањето на услугите ќе се изврши непосредно пред реализација на услугите, поради локалните услови на понуди од авиокомпании на Блискиот Исток и пошироко во регионот и Европа, кои се карактеризираат со фактот дека сите авиокомпании бараат плаќање непосредно пред договарањето на термините за полетување.“



Но овој член од договорот склучен помеѓу МНР и „Авиалог“ не е во согласност со условите наведени во тендерската документација, каде што децидно беше наведено: „Договорниот орган ќе изврши исплата во најкраток рок по извршување на услугите и доставување на фактура до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија.“

Приказ на авансните плаќања за евакуациските летови

| Датум на издадена фактура | Датум на платена фактура | Релација | Датум на лет | Вредност на исплатата во денари | Вредност на исплатата во евра |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.3.2026 | 6.3.2026 | Дубаи-Скопје<br>2 лета | 8.3.2026<br>10.3.2026 | 28.377.400 | 461.421 |
| 9.3.2026 | 9.3.2026 | Ријад –Приштина | 11.3.2026 | 17.233.800 | 280.224 |
| 13.3.2026 | 16.3.2026 | Дубаи-Скопје | 17.3.2026 | 14.188.100 | 230.701 |
| **ВКУПНО** | | **4 лета** | | **59.799.300** | **972.346** |

Според член 116 став 2 од Законот за јавните набавки, договорот за јавна набавка се склучува во согласност со условите утврдени во тендерската документација и во понудата. Ова значи дека плаќањето по извршување на услугата морало да биде наведено и во договорот. Ова секако не би го ограничило „Авиалог“ да ги плати летовите од свои средства и потоа овие трошоци да ги покрие по наплатата на фактурата. Но, поставувањето едни услови во тендерската документација и потоа нивно менување во договорот не е во согласност со ЗЈН.

Воедно, со направената измена се ставени во нерамноправна положба и сите оние фирми до кои била доставена покана во поништената постапка. Во согласност со член 7 од ЗЈН, договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка. Договорниот орган мора да обезбеди еднаков третман на сите понудувачи во преговорите и информациите не смее да ги обезбеди на дискриминаторски начин, поради што некои учесници би имале предност во однос на другите. Со оглед на тоа дека тендерската документација има клучна улога во постапката за јавна набавка, таа мора да ги содржи сите информации неопходни за конкретниот предмет на набавка, со цел економскиот оператор да може квалитетно и навремено да ја изготви и да ја поднесе својата понуда. Оттука, подготовка на тендерска документација која не е во согласност со законот и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или до ограничување на пазарната конкуренција претставува битна повреда на законот.

Законот за јавни набавки не предвидува дека, во услови на постапка со преговарање без објавување оглас, во согласност со точка г) од член 55 став 1, доколку директно се загрозени безбедноста, животот и здравјето на луѓето, може да се даде 100 % аванс, и тоа без каква било банкарска гаранција.

Напротив, Законот за јавни набавки ја ограничува висината на авансното плаќање. Според член 103 став 2 од ЗЈН за договорните органи од класичниот јавен сектор, на кој му припаѓа МНР, авансот не може да биде поголем од 20 % од вредноста на договорот. Воедно, според член 103 став 3, договорниот орган пред исплата на авансот задолжително обезбедува банкарска гаранција од носителот на набавката во висина на договорениот аванс. Склучениот договор меѓу двете страни не ја предвидува банкарската гаранција.

Имајќи го ова предвид, ваквото постапување лесно може да се оцени како непропорционално и спротивно на начелото на заштита на јавните средства, затоа што договорниот орган, во случајот МНР, го презема целиот ризик однапред, без инструмент за поврат ако договорот не се исполни. Итноста не е доволна сама по себе да оправда 100 % аванс без обезбедување; итноста може да влијае врз изборот на постапката, но не треба да ја елиминира финансиската сигурност. Со плаќањето на целата цена пред исполнување на услугата, договорниот орган практично останува без реална заштита ако економскиот оператор доцни, испорача делумно или не испорача воопшто. Начелото на економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства бара ризикот да биде разумно управуван.

Во однос на склучениот договор, значајно е да се истакне и фактот дека МНР не го применило стандардниот модел за набавка на авионски услуги во којшто провизијата која ја наплатува економскиот оператор се прикажува одвоено, како процент од вредноста на авионската карта или изнајмениот авион. МНР го склучила договорот во вкупен износ, без изразување на провизијата/маржата која ќе биде наплатена од единствениот понудувач со кој е склучен договорот, со што е оневозможен увидот во висината на провизијата на посредникот.

Додека трошоците за евакуација кај нас целосно беа покриени од државата, во најголем дел од земјите на Европската Унија превезените патници партиципираа во трошоците.

590-те патници се превезени со 4 лета – три од Дубаи до Скопје и еден од Ријад до Приштина. Произлегува дека цената на евакуација по патник од Дубаи изнесувала 1.548 евра, а од Ријад по 1.960 евра, со вклучено ноќевање.

Од вкупно превезените 590 патници, 521 се македонски државјани, а 27 се странски државјани, чија евакуација, како што одговори МНР, била реализирана во соработка со амбасадите на соседните држави (Албанија, Бугарија, Грција, Косово, Србија и Босна и Херцеговина).

Патници на реализираните летови

| Датум на лет | Модел на авион | Авиокомпанија | Вкупен број на патници | Македонски државјани | Странски државјани семејно поврзани | Странски државјани од соседството |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.3.2026 | Boeing 738-Max | FlyDubai | 150 | 150 | 0 | 0 |
| 10.3.2026 | Boeing 738-Max | FlyDubai | 150 | 127 | 10 | 13 |
| 11.3.2026 | Airbus 320 | FlyNas | 143 | 126 | 9 | 8 |
| 17.3.2026 | Boeing 738-Max | FlyDubai | 147 | 118 | 8 | 21 |
| **Вкупно патници** | | | **590** | **521** | **27** | **42** |

Иако договорот за јавна набавка предвидува евакуација исклучиво на македонски државјани, за авионските услуги кои ги користеле странските државјани не бил побаран никаков надомест.

# Училишниот базен во Чаир вреден 890 илјади евра – 6 месеци беше завршен само на хартија

(Тендер на Општина Чаир
за изградба на училиштен затворен базен,
со број 14694/2023)



**Состојба на базенот на 12 март 2026 година, односно речиси 4 месеци по „завршувањето“**

- Иако Општина Чаир на 21 ноември 2025 година до Електронскиот систем за јавни набавки доставила известување дека договорот за изградба на затворен базен во ОУ „Исмаил Ќемали“ е 100 % реализиран, објектот беше свечено промовиран дури по шест месеци.
- Општината го прогласила базенот за изграден истиот ден кога добила извештај од надзорот кој набројува незавршени работи и допрва бара приклучување на електрична и водоводна мрежа за да се изврши финалното тестирање на базенот.
- Општина Чаир одби да достави документација со која би се потврдило дека изведувачот ги отстранил забелешките дадени од надзорот, ниту дека е направено формално примопредавање на изведените работи. На барањето за пристап до информации од јавен карактер, Општината одговори само делумно, изоставувајќи ги токму оние документи кои би покажале дали договорот е навистина реализиран.
- Изградбата на базенот првично требало да биде завршена во јануари 2025 година. Наместо да ја активира договорната казна предвидена со членовите 52 и 53 од договорот, Општина Чаир двапати го продолжила рокот за реализација на барање на самиот изведувач.
- Брзањето договорот да се прикаже како завршен доаѓа во период кога фирмата носител на договорот Еуровиа од Желино, во меѓувреме преименувана во ЕАКОМ од Тетово, заедно со друга фирма аплицирала на нов оглас за изградба на уште еден затворен базен во Општина Чаир, овој пат во училиштето „7-ми Марси“ (7 Март).
- Имајќи го предвид наведеното, не може да се исклучи можноста базенот само формално да е пуштен во употреба на 26 мај 2026 година – 10 дена пред крај на училишната година, со цел да се потврди дека е реализиран договорот за јавна набавка и да се минимизираат последиците од јавното објавување на ова истражување, за кое Општината беше свесна дека се изработува.

## Известувањето за реализиран договор не ја одразува реалноста

На 21 ноември 2025 година, Општина Чаир до Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) доставува известување дека договорот за јавна набавка за изградба на училиштен затворен базен во вредност од 54.772.402 денари (890.608 евра) е 100 % реализиран.

Според ова известување, станува јасно дека фирмата носител на договорот за јавна набавка, Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино го сменила своето име во Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕАКОМ ДООЕЛ Тетово. Но, она што е значајно е дека известувањето за реализиран договор не ги одразува реалните состојби на теренот. Посетата на локацијата на 12 март 2026 година од страна на тимот на ЦГК, односно по речиси 4 месеци од ова известување, покажа дека базенот е далеку од готов. Забележани се недовршени работи и во внатрешноста и во надворешноста на базенот.

Оттука, на 6 април 2026 година, до Општина Чаир е доставено барање за пристап до информации од јавен карактер во кое беше побарано да се доставаат следните документи и информации:

1. **Одлука за јавна набавка;**
2. **Извештај од спроведена постапка за јавна набавка;**
3. **Извештај од спроведена е-аукција;**
4. **Датум на воведување во работа на носителот на набавката;**
5. **Динамичен план за изведување на работите доставен од носителот на набавката;**
6. **Известувањето кое сте го добиле од носителот на набавка дека работите што се предмет на договорот се завршени со доставување на документација уредно потпишана од Надзорниот орган (обврска предвидена во членот 31 од Договорот);**
7. **Записник од примопредавање на изведените работи;**
8. **Конечната пресметка на вредноста на објектот во согласност со одредбите од членот 6 од договорот со економскиот оператор;**
9. **Дали е пресметана и платена договорна казна во согласност со членовите 52 и 53 од договорот и**
10. **Зошто базенот сѐ уште не е пуштен во употреба иако пред 4 месеци до ЕСЈН е доставено известување за реализиран договор?**

Општина Чаир не ги достави побараните документи во законскиот рок од 20 дена, по што на 27 април беше доставена жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите. На 4 мај Општината ги достави информациите од точките 1, 2, 3, 4 и 5 со образложение дека: „Во однос на договорните обврски, истите се реализирани во рамките на предвидените рокови, без потреба од дополнителни интервенции. Дополнително, објектот сѐ уште не е ставен во употреба, согласно наодите од Извештајот на надзорниот инженер за извршен технички преглед."

Од добиените документи произлегува дека фирмата задолжена за надзор, УРБАН СТИЛ ИНЖЕНЕРИНГ Скопје, на 30 септември 2025 година ја известила Општина Чаир дека изведувачот ЕУРОВИА ги известила дека градежните работи за изградба на училиштен затворен базен се завршени и дека ќе се утврди термин за одржување на интерниот технички прием на објектот. Ова не е случаен ден. Токму на 30 септември истекол третиот по ред договорен рок за изградба на базенот. Имено, договорот за изградба е склучен на 28.11.2023 година, со рок на важност од 14 месеци, односно до 28.1.2025 година. По ова следувале 2 анекси за продолжување на рокот за реализација на договорот, првиот до 31.5.2025 година, а вториот рок до 30.9.2025 година. Во текот на изградбата на базенот, Општина Чаир можела да активира договорна казна предвидена со членовите 52 и 53 за пречекорување на договорените рокови. Но, наместо тоа, таа двапати го продолжила рокот за реализација на барање на самиот изведувач. Притоа, во еден дел од наведените причини за доцнењето е наведено задоцнетото воведување во работа на изведувачот. На тој начин, Општината прво ја создала пречката, а потоа ја прифатила истата пречка како оправдување за да не ја примени договорната казна, туку да го анексира договорот за јавна набавка.

Со оглед на тоа што договорот е склучен на 28.11.2023 година, со рок на важност од 14 месеци, односно до 28.1.2025 година, а изведувачот е воведен во работа дури на 17.5.2024 година, произлегува дека реалното започнување со извршување на договорот било одложено за приближно шест месеци од денот на склучување на договорот. Ваквото одложено воведување во работа може да укаже на недоволна транспарентност во однос на реалната временска динамика на извршување на договорот. Одложеното воведување во работа, доколку не било однапред јасно наведено во тендерската документација или во условите на постапката, може да се смета како околност која потенцијално ја ограничува конкуренцијата. На тој начин, не сите заинтересирани економски оператори располагале со целосна и точна информација за реалниот почеток на извршување на договорот, што е спротивно на начелото на транспарентност и може да има влијание врз еднаквиот пристап и конкуренцијата во постапката за јавна набавка.

Извештајот од надзорен инженер за извршен технички преглед за базенот е изготвен по речиси 2 месеци од известувањето дека базенот е изграден, односно дури на 21.11.2025 година. Во извештајот од надзорот се дадени следните забелешки, констатации и инструкции од надзорниот орган по извршениот технички преглед:

*На ден 18.11.2025 година, врз база на Барање на изведувачот, во присуство на претставници на Надзорниот орган, Инвеститор и Изведувач ДГТУ ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино, направен е Технички преглед на изведените работи во врска со објектот „Изградба на училишен затворен базен, Општина Чаир" и констатирано е дека истото е направено согласно со Проектната документација, барањата од страна на Инвеститорот, Основниот договор и неговите измени, одобренијата од надлежните институции и важечките закони и стандарди.*

*При извршен детален преглед на градбата, Надзорниот орган ги констатираше следните забелешки кои треба да се отстранат и извршат од страна на Изведувачот:*

- *Потребно е да се замени пукнато стакло на влезна врата;*
- *Да се направи корекција и нивелација на сите влезни врати во објектот;*
- *Да се направи корекција и нивелација на внатрешни врати од тоалети;*
- *Да се заменат три вишни прекршени лајсни на споеви од фасадниот панел;*
- *Да се направи корекција на прегради пред тоалети;*
- *Да се корегираат подни плочки околу базенската решетка со нивно фугирање;*
- *Да се корегираат прагови на ѕид на влезни врати со бекатон;*
- *Да се изврши финално тестирање на хидротехнички инсталации и базенското корито по изработка на водоводен и канализационен приклучок од страна ЈП Водовод и канализација Скопје;*
- *Да се изврши финално тестирање и калибрација на машинската опрема по изработка на приклучок за електрична инсталација од страна на ЕВН;*
- *Да се изврши финално тестирање на електротехничката опрема по изработка на приклучок за електрична инсталација од страна на ЕВН;*

*Надзорниот орган ги констатираше следните работи кои сè уште не се извршени, а треба да се завршат како обврска од страна на Инвеститорот Општина Чаир, пред вршење на финален Технички прием на објектот:*

- *Да го приклучи објектот на водоводни и канализациони инсталации – ЈП Водовод и канализација Скопје*
- *Да го приклучи објектот на електрично напојување – ЕВН*

*Надзорниот орган му наложи на Изведувачот да ги отстрани констатираните забелешки во рок од 30 работни дена. Инвеститорот Општина Чаир треба да ги направи горенаведените приклучоци, со цел да се извршат потребните испитувања кои се меродавни за несметано и правилно функционирање на објектот во целина*.

Но, иако во овој извештај од надзорниот орган има многу забелешки, тоа не ја спречило Општина Чаир, дента кога го примила, односно на 21.11.2025 година, до ЕСЈН да достави известувањето дека договорот за изградба на базенот е целосно реализиран.



Базенот на 12 март 2026 година

Меѓутоа, сликите направени во базенот на 12 март 2026 година од страна на тимот на ЦГК покажуваат дека работите се далеку од готови. Дополнително, повеќе од очигледно е дека задачите дадени од надзорот не се спроведени ни по речиси 4 месеци, односно дека не е направено финално тестирање кое е единствено меродавно за да се констатира дали изведувачот навистина го реализирал договорот во целост и во согласност со проектот.

Имајќи го сево ова предвид, следуваа дополнителни обиди да се добијат подетални сознанија од Општина Чаир зошто базенот не се пушта во употреба. Од Општината беше побарано да ги достави документите, што и претходно беа побарани, како и да достави докази дека е постапено по наодите на надзорот.



Базенот на 21 мај 2026 година

Базенот не беше пуштен во употреба и активностите околу него се сè уште во тек, заклучно со 21 мај 2026 година, кога тимот на ЦГК повторно ја посети локацијата на базенот. На овој ден истекоа точно 6 месеци од доставеното известување на реализиран договор.

Сепак, базенот е прогласен за отворен на 26 мај 2026 година. Имајќи го предвид претходно наведеното, не може да се исклучи можноста базенот да е пуштен во употреба на 26 мај 2026 година – само 10 дена пред крај на училишната година, само формално, со цел да се потврди дека е реализиран договорот за јавна набавка.

Брзањето договорот да се прикаже како завршен, цели 6 месеци пред тоа да се случи реално, доаѓа во време кога фирмата носител на договорот „Еуровиа“ од Желино, со сменето име во „ЕАКОМ“ од Тетово, заедно со друга фирма се подготвува да аплицира на нов оглас за изградба на уште еден затворен базен во Општина Чаир, овој пат во училиштето „7-ми Март“. Договорот за изградба на новиот базен во Општина Чаир е склучен на 27 јануари 2026 година со група понудувачи Друштво за градежништво, трговија и услуги НУМ КОНСТРАКШН ЛТД ДООЕЛ Скопје и Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕАКОМ ДООЕЛ-СКОПЈЕ. Овој тандем фирми биле единствени понудувачи на тендерот. Изградбата на новиот базен започна на 4 март 2026 година. Вредноста на новиот базен изнесува 61.138.707 денари (994.125 евра).

Инаку, внесувањето податок во Електронскиот систем за јавни набавки дека договорот е реализиран, во ситуација кога тој фактички не е реализиран, претставува давање невистинити податоци и е спротивно на принципите на транспарентност и интегритет утврдени со Законот за јавните набавки. Таквото постапување може да доведе до погрешно прикажување на степенот на извршување на договорите, да влијае врз точноста на извештаите и да создаде ризик од прикривање нерегуларности. Одговорноста за точноста на внесените податоци ја сноси договорниот орган, односно овластеното службено лице кое ги внесува податоците.

## Хронологија на тендерот за изградба на училиштен затворен базен

**15.8.2023 година:** Општина Чаир ја носи Одлуката за јавна набавка за Изградба на училиштен затворен базен со проценетата вредност од 49.999.998 денари со ДДВ.

**16.8.2023 година:** Општина Чаир го објавува огласот за јавна набавка.

**25.9.2023 година:** Доставени се 4 понуди Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги ГОНИ ЉИНУКС ДООЕЛ Скопје, Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино, Друштво за градежништво, производство трговија и услуги увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје и Трговско друштво за производство трговија и услуги ИНСТАЛАЦИЈА увоз-извоз Исмаил ДООЕЛ с. Д. Дол Зајас.

**16.10.2023 година:** Се спроведува е-аукција во која учествуваат три од четирите фирми (ЕУРОВИА, БИТЕМ и ИНСТАЛАЦИЈА); во намалување на цената учествува само ЕУРОВИА која својата и онака најниска цена од 52.917.290 ја намалува на 46.417.290 денари без ДДВ.

**25.10.2023 година:** Општина Чаир носи одлука со која ја зголемува вредноста на набавката на 54.772.402 денари со ДДВ.

**28.11.2023 година:** Општина Чаир склучува договор со фирмата ЕУРОВИА Желино со рок на важност од 14 месеци, односно до 28.01.2025 година.

**17.5.2024 година:** Воведување во работа на изведувачот.

**28.1.2025 година:** Склучен е Анекс на договорот бр. 1 за продолжување на рокот за реализација на договорот до 31.05.2025 година.

**1.6.2025 година:** Склучен е Анекс на договорот бр. 2 за продолжување на рокот за реализација на договорот до 30.09.2025 година.

**30.9.2025 година:** Надзорниот орган-УРБАН СТИЛ ИНЖЕНЕРИНГ Скопје до Општина Чаир доставува Известување од изведувачот до договорниот орган дека работите се завршени – барање за технички прием.

**18.11.2025 година:** Надзорниот орган го доставува Извештајот од надзорен инженер за извршен технички преглед.

**21.11.2025 година:** Општина Чаир до ЕСЈН доставува Известување за целосно реализиран договорот.

**26.5.2026 година:** Базенот е официјално прогласен за отворен.

Kingdom of the Netherlands

Истражувањето е спроведено во рамките на проектот „Јавен надзор над јавните набавки“ со финансиска помош од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, имплементиран од Центарот за граѓански комуникации, во периодот од 1 октомври 2025 година до 30 септември 2027 година.